**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**„ПАВЕЛ ШАТЕВ"**
**Бр.** 02-163/3
26.03.2025 **год.**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 4 и 25 и член 15 став 6 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" број 129/2023 и 53/2024), Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" на седницата одржана на 30.12.2024 година, донесе одлука за објавување на

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за именување на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, објавува јавен оглас за именување на заменик на директор на Академијата.

Кандидатите за заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", треба да ги исполнуваат следните услови:

- да има најмалку осум години работен стаж како судија во судовите или јавен обвинител во јавните обвинителства во Република Северна Македонија, судија во Уставниот суд на Република Северна Македонија или во меѓународен суд, при што годините работен стаж ги опфаќаат вкупниот работен стаж остварен во наведените органи како судија и јавен обвинител,
- Лицето кандидат за заменик на директор, покрај високите професионални и стручни квалитети и резултати во работењето, треба да ги исполнува и следниве услови:
- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или АПТИ Б2 ниво ЦЕФР (CEFR), или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ,
- со правосилна пресуда да не е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.

**<u>Содржина на пријавата и потребни документи</u>**

Во пријавата кандидатите назначуваат за кое место конкурираат.

Кандидатите кон пријавата да ги приложат следните документи:

- Потврда за работен стаж,
- Меѓународно признат сертификат за познавање на странски јазик,
- Уверение за неосудуваност, и
- Уверение за неизречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Рок и начин на пријавување**

Рокот за пријавување на јавниот оглас изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија.

Јавниот оглас, покрај во „Службен весник на Република Северна Македонија" се објавува и на веб-страницата на Академијата и во најмалку два дневни весника од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик и еден од весниците кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Пријавата заедно со потребните документи, заинтересираните кандидати ги поднесуваат во Академијата за судии и јавни обвинители во работни денови, од 08:00 до 16:00 часот.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев"

Претседател на Управен одбор,
М-р Besnik Avdija